# З А П И С Н И К

**од осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации**

**за 2025 година**

Осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 28.03.2025 година, во 09:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска .

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата како и предлог- Дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за осмиот состанок за 2025 година на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од седмиот состанок на Комисијата на АЕК;
3. Барање за донесување на Одлука за утврдување на висината на основната плата на вработен во Агенцијата за електронски комуникации;
4. Барање на согласност за вработување без јавен оглас, преку превземање, во Агенцијата за електронски комуникации;
5. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за осмиот состанок во 2025 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што едногласно го усвоија записникот од претходниот состанок.

Во врска со точка 3, Комисијата едногласно ја донесе Одлуката за утврдување на висината на основната плата на вработен во Агенцијата за електронски комуникации.

Во врска со точка 4, Комисијата едногласно даде согласност за вработување без јавен оглас, преку превземање, во Агенцијата за електронски комуникации.

Седницата заврши во   10:30 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател____________

д-р Адмирим Алити, член ____________________

Анѓелка Диневска, член______________________

Насер Адеми, член__________________________

Анкица Трпковска, член______________________

Наш број 1102-13/2

Скопје  28.03.2025 година